Република Северна Македонија
Градоначалник на Општина Велес
бр. 08 – 2526/8________
_22_. _05_. 2025 година
Велес

Врз основа на член 63 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.05/02), член 5 од Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, донесен од страна на Советот на Општина Велес (арх. бр. 25-2397/19, од 22.04.2025 година), а согласно даденото Мислење од Комисијата за разгледување и евалуација на поднесени пријави од младински организации или организации за млади по Јавен повик за раководење на Младински центар Велес (арх. бр. 11-2526/7, од 22.05.2025 година) и Записниците од одржаните две седници на Комисијата (арх. бр. 11-2526/3, од 22.05.2025 година и арх.бр. 11-2526/6, од 22.05.2025 година), Градоначалникот на Општина Велес, на ден ___05.2025 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на организација за млади**
**која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес**

1. За организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес во период од три (3) години, се избира:

   - Организацијата за млади Фондација за локален развој и демократија „Фокус” од Велес, која во име на групата организации, заедно со партнер организацијата Извиднички одред „Димитар Влахов” од Велес ќе раководи и управува со Младинскиот центар во Велес.

2. Градоначалникот на Општина Велес, со избраната организација за млади ќе склучи Договор во кој ќе бидат утврдени правата и обврските на двете договорни страни за начинот на раководење и управување со Младинскиот центар во Велес.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
На Општина Велес
Марко Колев

Подготвил: Владимир Смилев
Контролирал: Верица Тодоровска Дацева
Одобрил: Анита Пивкова
Согласен: Марија Чатмова

Образложение:

Општина Велес, согласно Одлуката за објавување на Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 05/25) и Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на младинска организација или организација на млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 05/25), распиша Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

Посебно формирана Комисија за разгледување и евалуација на поднесени пријави, во утврдениот рок до Градоначалникот на Општина Велес доставува Мислење со предлог за избор на организација која ги исполнува пропишаните услови по Јавниот повик.

По донесувањето на ова Решение во рок од три (3) дена, Градоначалникот на Општина Велес ќе склучи Договор за управување со Младинскиот центар во кој ќе бидат утврдени правата и обврските на двете договорни страни за начинот на раководење и управување со Младинскиот центар во Велес.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.